Врз основа на член 22 став (1) точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (1) точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) а согласно член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 06.11.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Крива Паланка

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка кои ќе бидат наменети за спроведување на проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Крива Паланка, за дејствување во различни области од културата во општината.

**Член 2**

Финансиските средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка во Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за секоја наредна година.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Општина Крива Паланка можат да бидат доделени на физички лица со живеалиште на подрачјето на општина Крива Паланка (уметници и самостојни уметници) кои вршат дејност од областа на културата, правни субјекти кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето на Општина Крива Паланка (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти регистрирани на територија на општина Крива Паланка), согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник, ја доставиле потребната документација.

Секој апликант може да поднесе само **едно барање** по Јавниот повик, но истото може да опфаќа реализација на повеќе настани или активности поврзани со областа за која се аплицира.

Апликанти кои имаат финансиски долгови кон Општината, нереализирани активности или недоставени извештаи од претходно одобрени проекти немаат право на учество на јавниот повик

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Крива Паланка ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Општина Крива Паланка.

Јавниот повик се објавува огласната табла и на веб-страницата на Општина Крива Паланка https://www.krivapalanka.gov.mk/

Јавниот повик може да трае од **7** (седум) до **15** (петнаесет) дена од денот на објавување, со право за продолжување на рокот при технички или административни причини. Крајниот рок/периодот за траење на јавниот повик ќе биде објавен за секоја година.

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината, аплицираат на Јавен повик, кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот пред крајот на претходната година, се со цел низ транспаретна постапка да може да биде изработена новата Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

Доставените пријави по Јавниот повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во областа на културата на Општина Крива Паланка“ ги разгледува **Комисија за евалуација и избор на проекти** која ја формира Градоначалникот на општина Крива Паланка во состав од **3** (три) члена и 3 (три) заменик членови, кои ќе бидат од редот на вработените во општинската администрација. Еден од членовите на Комисијата се именува за претседател.

Комисијата има задача:

- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите
- да го коригира предлог Буџетот на апликантот
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на барањата на оние апликанти што ги исполнуваат условите.

Комисијата **за евалуација и избор на проекти** за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува предлог листа до Градоначалникот и во рамки на можниот буџет наменет за култура во општина Крива Паланка одобрените предлог идеи (програма, проект, активност од областа на културата) ќе бидат вметнати во Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации.

Со цел обезбедување транспарентност и контрола во реализацијата на одобрените проекти и активности, Градоначалникот на Општина Крива Паланка формира и **Комисија за евалуација на извештаите на проектите** финансирани преку јавниот повик во состав од **3** (три) члена и 3 (три) заменик членови, кои ќе бидат од редот на вработените во општинската администрација.

Комисијата има за задача:

- да ја отврди усогласеноста на реализираните активности со одобрениот проект и буџет;
- оправданост на трошоците според доставената финансиска документација;
- констатира отстапки или недостатоци при трошењето на средствата

Комисијата за својата работа изработува извештај кој го доставува до Градоначалникот.

Мандатот на членовите на Комисијата е 4 (четири) години, со можност за повторно именување.

**Член 6**

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на предлог идеја (програма, проект, активност од областа на културата),преку Архивата до Одделение за јавни дејности каде детално во образецот/пријавата, апликантот истата ќе ја образложи за која ќе достави и финансиски план за реализација во соодветна финансиска рамка. Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на проектот, активноста за кои учесникот на Јавниот повик смета дека е потребно да ги достави.

Прифатените предлог идеи кои ги исполнуваат критериумите ќе станат составен дел од програмата за култура и истите ќе се реализираат во текот на годината согласно поднесената пријава.Комисијата може да побара дополнување на пријавата, наместо автоматски да ја одбие.

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта,рачно пополнетии и нецелосно пополнети предлог проекти без приложени документи кои задолжително се бараат и пријави кои се поднесени од субјекти/лица кои претходната година не поднеле извештај. Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Пријавите со документите се доставуваат во затворен плик: Општина Крива Паланка, ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175, 1330 Крива Паланка со назнака за „Јавен повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во областа на културата на општина Крива Паланка“ - во архивата на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата **за евалуација и избор на проекти** свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од овој Правилник и доставува предлог до Градоначалникот за внесување во програмата за култура и доделување на финансиски средства на апликантите.

За барателите што не ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

Општина Крива Паланка ја објавува листата на одобрени и неодобрени апликации на својата веб-страница, веднаш по усвојувањето на Програмата за култура.

**Член 8**

Откако Програмата за култура ќе биде усвоена од Советот на општина Крива Паланка и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Крива Паланка, подносителот на определената идеја која е дел од програмата за култура, по предходно случен договор, доставува барање за исплата на средствата одобрени за активноста до Одделение за јавни дејности.

По завршување на проектот/активноста апликантот доставува извештај за реализација на предлогот но не подоцна од 30 декември во годината за која се одобрени средствата. Извештајот за реализација треба да вклучува наративен и финансиски дел, со приложени фактури - дека се реализирани активностите и соодветна документација дека средствата се наменски потрошени.

**Член 9**

Апликантите - правните субјекти и физичките лица кои учествуваат на Јавниот повик, се должни да ја достават и следнава документација:

**Правните субјекти** - установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:

а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Крива Паланка: https://www.krivapalanka.gov.mk/);

б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;

в) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

г) Потврда за отворена и активна жиро сметка со банката;

д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да достават:

а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Крива Паланка: https://www.krivapalanka.gov.mk/;

б) Кратка биографија и CV на апликантот;

в) Доказ за жителство во општина Крива Паланка;

г) Минимум 1 референца за реализирана уметничка активност;

д) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател).

## V. ОБЛАСТИ ЗА УЧЕСТВО НА АПЛИКАНТИТЕ

**Член 10**

а) Општина Крива Паланка ќе додели финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата, во следниве области:

- Изведбени уметности
- Музички уметности
- Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
- Издавачка и библиотечна дејност
- Промоција на културното наследство
- Креативни индустрии

**1. Изведбени уметности:**

- негување и презентација на националното драмско и музичко - сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко - сценските уметности;
- поддршка на театарски фестивали;

- презентирање и промоција на македонскиот фолклор

- презентирање на македонскиот фолклор на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави со кои Крива Паланка има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

**2. Музички уметности:**

- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали и македонски музичари;
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори и
- поддршка на концерти на отворени јавни простори

**3. Визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**

- ретроспективно - монографски изложби од особено значење за Општина Крива Паланка што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување на територијата на Општината потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни и други проекти од земјава што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во Општината;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во Општината;
- поддршка на филмска уметност;
- изложбени проекти од областа на креативните индустрии и
- изложби и проекти на млади уметници од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми.

**4. Издавачката и библиотечната дејност:**

- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на општина Крива Паланка;
- поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик;
- дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за Општина Крива Паланка;
- издаваштво наменето за деца и млади;
- за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
- за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија.

**5. Промоција на културното наследство:**

- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Крива Паланка;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на Општина Крива Паланка.
- обезбедување континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации од локален карактер

**6. Креативни индустрии :**

- поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, организирање на фестивали за креативни индустрии; - создавање

услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ, нови медиуми, видео - филм и анимација, современ продукт - дизајн, индустриски, моден, мебел - дизајн и друго);

- промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио - визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;

- поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;

- стимулација, реализација, презентација и развој на креативните потенцијали кај децата и младите, за остварување на креативни проекти.

**Член 11**

Средствата доделени согласно овој Правилник можат да се користат само за прифатливи трошоци поврзани со реализација на одобрените проекти и програмски активности од областа на културата.

Прифатливи трошоци се трошоци кои се директно поврзани со реализација на активностите и се неопходни за нивно спроведување, и тоа:

- Трошоци за персонал (хонорари за уметници, изведувачи, обучувачи, технички лица и друг ангажиран кадар поврзан со проектот/активноста);

- Трошоци за материјали и услуги (набавка на уметнички, сценски, промотивни и други материјали потребни за реализација на проектот/активноста);

- Трошоци за закуп на простор и техничка опрема доколку е директно поврзана со активноста;

- Трошоци за промоција и маркетинг на активностите (дизајн, печатење, медиумска промоција, веб-промоција);

- Трошоци за патување и сместување поврзани со реализацијата на активностите (доколку се оправдани и поврзани со проектот/активноста);

- Трошоци за храна и освежување поврзани со реализација на проектот/активноста.

**Неприфатливи трошоци се:**

- Трошоци кои не се поврзани со проектната активност;
- Трошоци за купување недвижен имот и возила;
- Трошоци за покривање на банкарски провизии, долгови, камати, казни и судски трошоци;
- Трошоци за алкохол, тутун и слични производи;
- Трошоци финансирани со повлекување на готовина од трансакциска сметка;
- Трошоци кои се финансирани од други извори.

**Комисијата за евалуација и избор на проекти** има право да ја коригира финансиската рамка на проектот.

**Член 12**

Средствата доделени според овој Правилник се оправдуваат преку соодветна нефинасиска документација - доказ за извршена услуга или активност (фотографии, снимки); примероци од промотивни материјали, фотографии, видео или линкови од медиумска активност; список на учесници за активности поврзани со проектот/активноста итн и финансиска документација за докажување на трошоци, која вклучува:

**- Фактура** - Издадена од правно лице или трговец, со сите задолжителни елементи (даночен број, адреса, опис на услугата/производот, износ со и без ДДВ). Уредно архивски заверена со датум и број.

**- Договор или нарачка** - Доколку трошокот произлегува од договорен однос (на пример, договор за дело, договор за услуга, закуп, транспорт, договор за набавка на

материјали, опрема, консултантски услуги и сл.). Служи како доказ за основаноста на трошокот.
**- Испратница / Приемница / Потврда за прием на стока или услуга/ Записник или извештај за извршена услуга** - Потврдува дека производот или услугата навистина е примена.
**- Налог за извршено плаќање** – Доказ дека уплатата е извршена**.**
**- Рекапитулар –** Доколку се исплаќаат договорни услуги на физичко лице
**- Банкарски извод / Потврда за плаќање -** Доказ дека трошокот е навистина платен.
**- Патен налог и сметки за патни трошоци -** Доколку е неопходно да се користи приватно или службено возило за патувања поврзани со активноста [**Фактура** со прилог фискална сметка за гориво од бензинска пумпа (со датум, количина и регистрација на возилото), **Извештај за потрошено гориво** (по километража и/или број на патувања) и сл.].

**Оправдување на средсвата:**
**-** Средствата се исплаќаат на трансакциска сметка на апликантот.
- Трошоците се исплаќаат исклучиво од трансакциска сметка на апликантот.
- Подигање на готовина за исплата на трошоци нема да може да се признае.
- Фискални сметки за направен трошок нема да се признааат (освен како прилог на фактура)
- Секој документ треба да биде во оригинал или копија верна на оригиналот.
- Без фактура со испратница/ приемница, договор, налог за уплата, банкарски извод трошокот нема да може да се признае.

Доколку **Комисија за евалуација на извештаите на проектите** утврди некоректна, нецелосна или ненаменска употреба на средствата, Општината има право да побара поврат на дел или на целокупниот износ.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 13**

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку **60 бодови**.

Критериуми за доделување на финансиски средства од областа на културата за Општина Крива Паланка се бодуваат на следниот начин:

| **Критериум** | **Вредност на бодови** |
|---|---|
| Придонес на проектот во реализацијата на програмските цели на Општината | 20 |
| Усогласеност со надлежностите на Општината | 25 |
| Стручност, искуство и компетентност на подносителот на апликацијата во спроведувањето на проектната активност | 20 |
| Реален буџет и оправданост на трошоците | 20 |
| Процент на учество на подносителот на апликацијата во проектниот буџет | 5 |
| Вклученост на други општински институции, граѓански организации или граѓани | 10 |
| **Вкупно** | **100** |

**Член 14**

Општина Крива Паланка може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат утврдените критериумите

**Член 15**

Општина Крива Паланка преку Оддление јавни дејности и Одделение за финансиски прашања води евиденција за сите пријави со доделени средства од Буџетот на Општина Крива Паланка согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од Градоначалникот на Општина .

**Член 16**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**